РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2770/10
21-11-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 95 - та седница одржана на 15.11.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр.09-8527/1 од 03.10.2022 година, оформен по доставена пријава против службеното лице -------- вработен во ЈП -----------, -------, за утврдување на состојба на судир на интереси, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, по што ќе биде доставена Иницијатива за утврдување на одговорност на службеното лице.

До Директорот на ЈП ------------------ да се достави барање да ја преиспита работата на непосредно претпоставениот раководител на ------ во Подружница -------------, во време на сторување на повредата и зависно од утврдената фактичка состојба, по потреба да се преземат дејствија за утврдување на неговата одговорност.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со бр.09-8527/1 од 03.10.2022 година е оформен по поднесена пријава од непознат подносител против лицето ------- вработен во ЈП ------, ---------, на работно место референт за -------. Според пријавата именуваниот истовремено е работно ангажиран и во правното лице ---------------- и според пријавителот постои судир на интереси кај --------, бидејќи истовремено работи во правното лице со кое ---------- има деловни односи, а исто така се наведува дека сопственик и управител на ова правно лице е неговата бивша сопруга, со која фиктивно се има разведено, но живеат заедно.

Истовремено наведуваат дека заради злоупотреби, односно постапување спротивно на Законот за --------, се води судска постапка против сопственикот на --------------.

ДКСК изврши анализа на доставената документација и го утврди следното:

------------ е вработен во ЈП ------------, ----------- на работно место референт ---------, за што до ДКСК е доставено соодветно решение како доказ.

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот ,,службено лице,, се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор, по што се утврди дека ------------ како вработен во јавниот сектор (јавно претпријатие) е опфатен под поимот ,,службено лице,,.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

--------------------- по барање на ДКСК достави приемница за ------- бр.412829 од 03.10.2022 година и бр.412826 од 30.09.2022 година на која кај „предал„ е потпишана ----- од -------, а кај „примил/предал-референт за ----------,- -------.

Исто така до ДКСК доставена е согласност со која -----------, преку Директорот ------- на вработениот ------------ му одобрува дополнително работење од 10 часа неделно кај друг работодавач.

Во врска со оваа согласност ДКСК достави барање до ------- и од нивна страна се потврдува дека ------ е ангажиран во ова правно лице со работно време од 10 часа неделно како дополнителна работа и врши контрола на терен за -------- и давање на советодавни услуги. Од доставената Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување-Образец М1/М2 за ---------- се констатира дека е пријавен со датум 09.06.2020 година на неопределено дополнителна работа 10 часа неделно на работно место референт за ---------.

Во член 75 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси:

*„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување."*

Во член 2 став (3) од истиот закон е дефинирана состојбата на судир на интереси и тоа:

*„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."*

Оттука, заради постоење на приватен и финансиски интерес, ------------- како службено лице бил должен да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен. Како службено лице знаел дека постојат околности што укажуваат на постоење на судир на интереси и не побарал да биде изземен од постапување.

Фактичката состојба беше констатирана на записник и беше понудена постапка за порамнување, која именуваниот не ја прифати, по што беше поднесено барање за поведување на прекршочна постапка. Прекршочната комисија донесе решение со кое го огласи за одговорен и изрече прекршочна санкција-глоба.

Врз основа на наведеното, имајќи предвид дека во врска со постапувањето на -------- е констатирано дека се нашол во состојба на судир на интереси, ДКСК на 95 - та седница одлучи дека согласно член 17 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ќе достави Иницијатива за утврдување на одговорност на лицето -------------- до ЈП --------, ------------- како надлежен орган поради констатираната состојба на судир на интереси при извршувањето на јавните овластувања и должности од негова страна.

Исто така, се одлучи до Директорот на ЈП за ---------------- да се достави барање со цел да утврди кое службено лице бил непосредно претпоставен на ----------- во време кога се нашол во состојба на судир на интереси, да ја приспита неговата работа и да утврди дали ги презел сите дејствија и мерки. Во зависност од утврдената фактичка состојба, по потреба да се преземат дејствија за утврдување на неговата одговорност.

После доставата на иницијативата за утврдување на одговорност против лицето до надлежен орган, ДКСК ќе ја запре постапката по предметот со бр.09-8527/1 од 03.10.2022 година поради што нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија, ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА, Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT, Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил Д.Д. советник
Контролирал К.З., раководител
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК